Врз основа на член 149 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) и согласно член 37 од Статутот на Приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа БРЕИНСТЕР НЕКСТ Скопје (во натамошниот текст: Бреинстер Некст) и согласно со одлуката за исправка на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст Скопје во учебната 2026/2027 година бр. 08-398/2 од 10.08.2026, Наставничкиот Совет распишува

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА САМОСТОЈНАТА ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА БРЕИНСТЕР НЕКСТ СКОПЈЕ ВО АКАДЕМСКАТА 2026/2027 ГОДИНА

1. На Самостојната висока стручна школа Бреинстер Некст можат да се запишат вкупно 245 студенти во прва година на прв циклус стручни студии во учебната 2026/2027 година од кои:
   - 75 студенти на студиската програма по Софтверско инженерство и иновации,
   - 50 студенти на студиската програма по Примена на информациски технологии – дигитален дизајн и интерактивни технологии
   - 120 студенти на студиската програма по Дигитален маркетинг

   Кандидатите се запишуваат како редовни студенти на студиските програми по
   1. Софтверско инженерство и иновации (тригодишни студии на македонски јазик),
   2. Примена на информациски технологии - дигитален дизајн и интерактивни технологии (тригодишни студии на македонски јазик) и
   3. Дигитален маркетинг (тригодишни студии на македонски јазик).

2. Индикативниот надоместок за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии на студиската програма Софтверско инженерство и иновации, за една академска година со вредност од 60 ЕКТС, изнесува 3.105 евра во денарска противвредност. Овој надоместок се плаќа на почетокот на студиската година.

3. Бреинстер Некст нуди и два дополнителни модели за плаќање на надоместокот за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии на студиската програма Софтверско инженерство и иновации:
   - плаќање на надоместокот на најмногу 60 рати, при што износот за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува 3.277,50 евра во денарска противвредност;
   - плаќање по дипломирање и вработување, при што износот за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува 3.450 евра во денарска противвредност.

   Сите студенти што ќе го изберат моделот на плаќање по дипломирање и вработување нема да плаќаат за време на студиите. Обврската за плаќање на школарината започнува првиот месец по дипломирањето или по вработувањето, во зависност од тоа кој услов ќе настапи порано, но не подоцна од рокот утврден во договорот за студирање.

4. Индикативниот надоместок за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии на студиската програма Примена на информациски технологии - дигитален дизајн и интерактивни технологии, за една академска година со вредност од 60 ЕКТС, изнесува 3.285 евра во денарска противвредност. Овој надоместок се плаќа на почетокот на студиската година.

5. Бреинстер Некст нуди и два дополнителни модели за плаќање на надоместокот за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии на студиската програма Примена на информациски технологии - дигитален дизајн и интерактивни технологии
   - плаќање на надоместокот на најмногу 60 рати, при што износот за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува 3.467,70 евра во денарска противвредност;
   - плаќање по дипломирање и вработување, при што износот за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува 3.650 евра во денарска противвредност.

   Сите студенти што ќе го изберат моделот на плаќање по дипломирање и вработување нема да плаќаат за време на студиите. Обврската за плаќање на школарината започнува првиот месец по дипломирањето или по вработувањето, во зависност од тоа кој услов ќе настапи порано, но не подоцна од рокот утврден во договорот за студирање.

6. Индикативниот надоместок за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии на студиската програма Дигитален маркетинг, за една академска година со вредност од 60 ЕКТС, изнесува 3.105 евра во денарска противвредност. Овој надоместок се плаќа на почетокот на студиската година.

7. Бреинстер Некст нуди и два дополнителни модели за плаќање на надоместокот за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии на студиската програма Дигитален маркетинг
   - плаќање на надоместокот на најмногу 36 рати, при што износот за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува 3.277,50 евра во денарска противвредност;
   - плаќање по дипломирање и вработување, при што износот за една академска година со вредност од 60 ЕКТС изнесува 3.450 евра во денарска противвредност.

   Сите студенти што ќе го изберат моделот на плаќање по дипломирање и вработување нема да плаќаат за време на студиите. Обврската за плаќање на школарината започнува првиот месец по дипломирањето или по вработувањето, во зависност од тоа кој услов ќе настапи порано, но не подоцна од рокот утврден во договорот за студирање.

8. Право на запишување на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст имаат кандидати кои положиле државна матура и меѓународна матура, како и соодветна државна стручна матура и државна уметничка матура согласно Табеларниот преглед за соодветноста на струки и профили со подрачја според ISCED класификацијата.

9. Право на запишување на прв циклус стручни студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите што важеле пред воведувањето

на државната матура, односно пред учебната 2007/2008 година, кои не полагале државна матура. Право на запишување имаат и кандидати кои четиригодишното средно образование го завршиле во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Странските државјани се запишуваат на студии под исти законски услови како и државјаните на Република Северна Македонија и со пријавата приложуваат решение за нострификација на завршеното средно образование, односно доказ дека постапката за нострификација е започната пред надлежните институции.

10. Кандидатите за запишување и посетување на наставата на горенаведените студиски програми може да бидат тестирани за степенот на познавање на решавање на логички, математички и креативни проблеми и ќе поминат структуирано интервју со вработени во Бреинстер Некст. Врз основа на постигнатите резултати на тестирањето ќе се направи претходна селекција на потенцијалните кандидати доколку на конкурсот се јават повеќе кандидати од утврдениот број согласно овој конкурс.

11. Бреинстер Некст може да доделува стипендии и ваучери во различни износи за одделни категории студенти, во согласност со интерните политики и важечките законски прописи.

12. Сите кандидати чии пријави за студирање ќе бидат прифатени од Бреинстер Некст, согласно со условите утврдени во Правилникот за условите за запишување на прв циклус стручни студии на Бреинстер Некст, имаат право да изберат кој било од моделите на плаќање на надоместокот за запишување и посетување настава на прв циклус стручни студии утврдени со овој конкурс.

13. Бреинстер Некст за кандидатите што ќе се запишат на прв циклус студии ќе организира:
    - подготвителна настава,
    - кариерно советување,
    - обука за подготвување на биографија, мотивациско писмо и интервју за работа,
    - обука за користење на дигитална платформа за настава и интеракција со наставниот кадар.

14. Уписниот рок започнува со денот на објавувањето на конкурсот и трае до 1.10.2026 година.

Наставата ќе се реализира во просториите на Бреинстер Некст на: бул. 3та Македонска бригада бр. 36, Скопје. Бреинстер Некст го задржува правото, во текот на реализацијата на студиските програми наведени во овој конкурс, наставата да ја организира и во други простории, односно да ја премести во нови простории, со цел обезбедување подобри услови и поквалитетно студентско искуство за студентите запишани на прв циклус студии.

Подетални информации во врска со овој конкурс можат да се добијат во просториите на Бреинстер Некст, на телефонски број 070239915, на е-адресата contact@next.edu.mk, како и на веб страната на Бреинстер Некст: https://next.edu.mk.

**Бреинстер Некст**
**Наставнички Совет**